Уп. бр. 08-165

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ГЕН-И СОНЦЕ, енергетске storitve, д.о.о., со регистрирано седиште на Дунајска цеста 119, 1000 Љубљана, Словенија, доставено преку Андреа Лазаревска, адвокат од Скопје на седницата одржана на ден 11.12.2025 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото кое ГЕН-И СОНЦЕ, енергетске сторитве, д.о.о., со регистрирано седиште на Дунајска цеста 119, 1000 Љубљана, Словенија ќе стекне единствена контрола врз ФВ ПЛАНТ 2 друштво со ограничена одговорност Белград-Врачар со регистрирано седиште на Јужни булевар 101, 11000 Белград, Србија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 20.11.2025 година, а дополнето на 24.11.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на друштвото ГЕН-И СОНЦЕ, енергетске сторитве, д.о.о., со регистрирано седиште на Дунајска цеста 119, 1000 Љубљана, Словенија, со кое ГЕН-И СОНЦЕ, енергетске сторитве, д.о.о. ќе стекне единствена контрола врз ФВ ПЛАНТ 2 друштво со ограничена одговорност Белград-Врачар со регистрирано седиште на Јужни булевар 101, 11000 Белград, Србија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**- ГЕН-И СОНЦЕ, енергетске сторитве, д.о.о**. е основано со цел да развие и спроведе проекти и да воведе нови знаења во областа на енергетската ефикасност. ГЕН-И СОНЦЕ започнал со инсталирање на своите први соларни енергетски системи во 2017 година.

ГЕН-И СОНЦЕ е дел од групацијата на компании ГЕН-И ("ГЕН-И Груп"). ГЕН-И Груп, се состои од ГЕН-И, трговија и продажба на електрична енергија, д.о.о. (*GEN-I, trgovanje in prodaja električne energije, d.o.o.*) и неговите 24 контролирани субјекти. Групацијата работи во повеќе од 20 европски пазари, од Франција на запад до Турција на исток.

Меѓународните активности се управувани од Словенија, при што зависните друштва се обезбедени со сета потребна инфраструктура за учество на локалните и меѓународните енергетски пазари.

ГЕН-И Груп има три зависни друштва во Северна Македонија:

- **ГЕН-И Кав Сонце ДООЕЛ Скопје**, со седиште на Булевар Партизански одреди бр. 15 А/1 Скопје – центар, ЕМБС 7607172, регистрирана дејност-производство на електрична енергија од обновливи извори;
- **ГЕН-И Продажба на енергија ДООЕЛ Скопје**, со седиште на Булевар Партизански одреди бр. 15 А/1 Скопје – центар, регистрирана дејност- трговија со електрична енергија, и
- **ГЕН-И Сонце ДООЕЛ Скопје**, со седиште на Булевар Партизански одреди бр. 15 А/1 Скопје – центар, регистрирана дејност- производство на електрична енергија од обновливи извори.

**-ФВ ПЛАНТ 2 друштво со ограничена одговорност Белград-Врачар** основано во 2020 година. Неговата регистрирана дејност е изградба на станбени и нестанбени згради. ФВ ПЛАНТ 2 е инвеститор (носител на проектот) во изградбата на две соларни централи во Србија, двете лоцирани во Бачинци, општина Шид, Војводина-СЦ Бачинци 1 и СП Бачинци 2. ФВ ПЛАНТ 2 друштво со ограничена одговорност Белград-Врачар планира да ги изгради, одржува и да стопанисува со фотоволтаичните централи СЦ Бачинци 1 и СЦ Бачинци 2.

ФВ ПЛАНТ 2 друштво со ограничена одговорност Белград-Врачар друштво со ограничена одговорност Белград-Врачар нема корпоративно присуство во Северна Македонија, ниту генерира промет во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 (б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**